# Службен весник на Република Македонија

**Број 39** **13 февруари 2019, среда** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 646. | **Одлука** за определување на Денови на жалост.................................................................... | 2 |
| 647. | **Одлука** за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ)........................................................................................ | 3 |
| | **Огласен дел**............................................................................................................................ | 1-12 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**646.**

Врз основа на член 8 точка 13 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 13 февруари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕНОВИ НА ЖАЛОСТ**

Член 1

Владата на Република Северна Македонија, деновите 14 и 15 февруари 2019 година, ги прогласува за Денови на жалост на Република Северна Македонија.

Член 2

Деновите на жалост се прогласуваат по повод човечките жртви предизвикани од сообраќајната несреќа што се случи на магистралниот пат од Скопје кон Тетово во близина на село Ласкарци, на 13 февруари 2019 година.

Член 3

На Деновите на жалост, знамето на Република Северна Македонија да се истакне на половина копје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1341/1
13 февруари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна
Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**647.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 236 став (11) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18) и член 47 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), УП1 бр. 11-95/17 од 11.1.2019 година, на Друштво за производство, промет и услуги ЕНЕРГОУСЛУГИ ДООЕЛ Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 11 февруари 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ)

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), на Друштво за производство, промет и услуги ЕНЕРГОУСЛУГИ ДООЕЛ Скопје, издадена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија со Одлука бр. 02-400/1 од 11.2.2009 година, изменета со Одлука УП1 бр.11-95/17 од 21.7.2017 со евидентен број “НД - 12.03.1/09.2/17” („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/09 и 99/17), се продолжува по барање на носителот, за таа цел во Прилог 1:

- точка 4 се менува и гласи:

“Датум на продолжување на лиценцата: 11 февруари 2019 година”

- точка 5 се менува и гласи:

- “Датум до кога важи лиценцата: 11 февруари 2029 година”

- Точка 6 се менува и гласи:

“Евидентен број на издадената лиценца: НД - 12.03.1/09.2/17.3/19”.

2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 11-95/17
11 февруари 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622

2019039